# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС


| Службен гласник на Општина Велес | Број 5 Година LX |
|---|---|
| Излегива по потреба | 09 април 2024 година |
| www.veles.gov.mk | opve@veles.gov.mk |


**Бр.78**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за разгледување Информација за доставен приговор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес на Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во РСМ за учебната 2024/2025 година објавено од страна на Министерството за образование и наука**

Се објавува Заклучокот за разгледување Информација за доставен приговор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес на Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во РСМ за учебната 2024/2025 година објавено од страна на Министерството за образование и наука, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.04.2024 година.

Број 08-1842/1
09.04.2024 година
Велес

Градоначални
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на третата вонредна седница одржана на 09.04.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за разгледување Информација за доставен приговор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес на Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во РСМ за учебната 2024/2025 година објавено од страна на Министерството за образование и наука**

1.Советот на Општина Велес ја разгледа Информација за доставен приговор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес на Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во РСМ за учебната 2024/2025 година објавено од страна на Министерството за образование и наука и го донесе следниот заклучок:

Советот на Општина Велес му препорачува на МОН да изврши исправка на Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2024/2025 година во Република Македонија и тоа во точка 11 која се однесува на СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА „КОЧО РАЦИН“ Велес, согласно со претходно доставениот предлог од Општина Велес во прва година да се запишат 204 ученици во 6 паралелки и тоа :

- 4 паралелки со изведување на настава на македонски јазик
- 1 билингвална (македонско — англиска) паралелка
- 1 паралелка со изведување на настава на јазикот на заедницата — албански јазик

По заклучокот МОН да постапи согласно член 42, став 2 од Законот за Средно образование, и тоа во рок од 5 дена од приемот на овој заклучок.

2. Овој Заклучок влегува во сила нареден ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1841/1
09.04.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

| **Број на акт** | **СОДРЖИНА** | **страна** |
|---|---|---|
| 78 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за разгледување Информација за доставен приговор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес на Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во РСМ за учебната 2024/2025 година објавено од страна на Министерството за образование и наука** | 312 |
| | **З А К Л У Ч О К за разгледување Информација за доставен приговор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес на Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во РСМ за учебната 2024/2025 година објавено од страна на Министерството за образование и наука** | |

Издавач Општина велес , телефон 232-406, 232-966,
Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на Буџетски корисник : 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00